Република Северна Македонија
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
БАЊА БАНСКО СТРУМИЦА
Бр. 05-04/147
07. 12. 2022 год.
Струмица

Врз основа на член 112 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на Р.С.М 24/2019), Директорот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда

### Член 1

За најповолен понудувач по оглас број 01/2022 за набавка на стоки- котел на нафта (за парно) за потребите на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, во постапка со преговарање без објавување на оглас од крајна итност, спроведена во хартиена форма, без е-аукција, за доделување на договор за јавна набавка се избира:

**Друштво за градежништво, услуги и трговија ТЕХНОПРОМ ДОО – увоз-извоз Струмица** која понуда е најприфатлива, со најниска вкупна цена во износ од **234.110,00 ден. без ДДВ.**

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила по конечноста.

### Член 3

Се задолжува правната служба по конечноста на оваа одлука, да изготви договор за доделување на јавна набавка, помеѓу договорниот орган и избраниот економски оператор, наведен во член 1 од оваа одлука.

### Образложение

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки беше донесена одлука за распишување на постапка со преговарање без објавување на оглас од крајна итност со арх.бр.05-04/138 од 28.11.2022г. со претходно добиено позитивно милсење од БЈН со арх.бр.18-1800/2 од 21.11.2022г. врз основа на член 55, став 1 точка г од ЗЈН.

По поканата за поднесување на понуди за јавна набавка со број на оглас 01/2022, Комисијата за јавни набавки на ден 05.12.2022г. во 11:00 часот пристапи кој јавно отварање на пристигнатите понуди во просториите на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско с. Банско – Струмица на кое јавно отварање, со свои понуди учествувше само еден понудувач со свој преставник , овластен од страна на понудувачот и тоа:

**1. Друштво за градежништво, услуги и трговија ТЕХНОПРОМ ДОО –увоз-извоз Струмица Ул. Маршал Тито бр. 83 – Струмица.**

За начинот на работата и спроведената постапка Комисијата за јавни набавки изготви Записник за отварање на понудите со бр. 05-04/141 од 05.12.2022г. и Записник од преговарање со бр. 05-04/145 од 05.12.2022г.

По извршената комплетна проверка на документацијата и другите елементи на постапката, Комисијата за јавна набавка изготви Извештај од спроведена постапка со бр. 05-04/146 од 06.12.2022г. и му предлага на одговорното лице на установата да донесе одлука за избор на најповолна понуда согласно член 112 од ЗЈН, од причина што понудата во целост ги исполнува условите од тендерската документација и понудената конечна цена одговара на нашите обезбедени финансиски средства.

Имајќи го сето оваа во предвид, се одлучи како во дизпозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Незадоволниот понудувач, има право на жалба во рок од 10 дена од приемот на оваа одлука. Жалбата се доставува 1 (еден) примерок до договорниот орган и 1 (еден) примерок до Државната комисија за жалби. Жалбата се поднесува по препорачана пошта или лично на рака.

**Д и р е к т о р,**

**Николинка Георгиева**